36749

Нова Македонија, Скопје, 24.III.1989, 15145, 11

ОД ДЕНЕС ВО МСУ

# СОВРЕМЕНА ПОЛСКА УМЕТНОСТ

● НА ОВАА ЧЕТВРТА ИЗЛОЖБА НА КОЈА СЕ ПРЕЗЕНТИРААТ ПОДАРЕНИТЕ ДЕЛА ОД ПОЛСКИТЕ УМЕТНИЦИ ПРИСТИГНАТИ ПО ЗЕМЈОТРЕСОТ ВО СКОПЈЕ, СЕ ЗАСТАПЕНИ 209 СЛИКИ, СКУЛПТУРИ И ГРАФИКИ ОД 133 АВТОРИ ШТО ЖИВЕАТ ВО ПОЛСКА, СИТЕ СОЗДАВАНИ ГЛАВНО ПО 1960 ГОДИНА

Без официјално отворање од денес во Музејот на современата уметност ќе биде поставена и достапна за јавноста изложбата под наслов „Современа полска уметност“ Со оваа поставка МСУ продолжува со презентација на националните колекции што се дел од меѓународните збирки на оваа ликовна институција. Музејот смета дека, покрај делата од францусните и италијанските дарители (знаеме дека сите дела во МСУ се нечии подароци) што веќе беа презентирани во изложбените простори на Музејот на современата уметност, и творбите на полските уметници со својот квалитет и квантитет заслужуваат да бидат претставени на пошироката јавност.

Во периодот на изминатите 25 години откако е формиран Музејот на современата уметност, вкупно 133 автори кои создаваат во Полска, му имаат подарено на МСУ 209 дела (47 слики, 24 скулптури, 107 графики и 25 медали и плакети)· Сите овие дела се добиени како одговор на меѓународниот апел испратен до сите уметници на светот од Конгресот на Меѓународото здружение на пластичните уметности (AIAP) одржан во октомври 1963 година во Њујорк со подарување уметнички дела да се помогне на градот погоден од катастрофата. Акцијата за подарување уметнички дела во Полска е водена од страна на Друштвото на полските ликовни уметници.

Досега Музејот на современата уметност организираше три изложби на подарени дела од Полска, со што делумно се презентирани делата на полските автори од збирките на МСУ: две изложби во 1966 и во 1968 година со наслов „Подарени дела од Полска“ и една „Современа полска графика“ во 1986 година.

На оваа најнова изложба на полската ликовна уметност Музејот го претставува современото полска сликарство со дела создавани од 1960 година наваму· Изворите на тоа сликарство се во традиција на полскиот романтизам, симболизам, експресионизам, во влијанијата на наивната уметност, а на апстрактното во варијантата на конструктивизмот и во програмите на полската авангарда.

Преку изложените скулптури, пак, се чувствува барањето на новите патишта во напуштањето на традиционалната уметност. Така, претставената полска скулптура е ориентирана кон монументалните форми.

Графиката како специфичен ликовен естетски медиум има долга традиција во Полска, изразена преку бројните графички изложби кои се одржуваат во оваа земја, а меѓу нив со меѓународно значење е графичкото биенале во Краков·

Меѓу учесниците на изложбата ги среќаваме и имињата на сликарите Адам Марчињски, Роман Овидски, Јан Бердишак Тадеуш Бжожовски, Рајмунд Зјемски, Доминик Тадеуш, на скулптурите Карол Торек, Власлав Тукмиевич, Лудвика Ничова, Едвард Пивоварски, и на графичарите Мјечислав Вејман, Зигмунд Котларчик, Данута Новицка и други.

Податоците за оваа изложба, преку која се презентира богатството на збирките на Музејот на современата уметност во Скопје, популарно наречен „споменик на меѓународната солидарност“, ни ги даде кустосот Захаринка Алексовска — Бачева.

С. Г.